

*Кога знам дека со помошта ќе изнудам насмевка на нечие лице и некому ќе му го направам денот поубав, сето тоа ме прави да се чувствувам исполнето во срцето. Токму овие вредности ги пренесувам и ќе настојувам да ги пренесувам на идните генерации студенти на нашиот Универзитет Американ Колеџ Скопје и на идните поколенија. Драго ми е што хуманоста и добрите дела добиваат признание, но целам и сметам дека треба да живееме во општество каде тие се секојдневие на секој поединец.*

## Д-Р ВЕНЕРА КРЛИУ - ХАНЏИСКИ

ДОБИТНИК НА ДРЖАВНАТА НАГРАДА "МАЈКА ТЕРЕЗА" ЗА 2017 ГОДИНА

# СЕ ЗАЛАГАМ ХУМАНОСТА ДА БИДЕ ДЕЛ ОД СЕКОЈДНЕВИЕТО НА СИТЕ НАС

**НАСЛЕДСТВО:** "ПОРАСНАТА СУМ ВО СЕМЕЈСТВО ВО КОЕ СПОДЕЛУВАЊ

разговарал:
**Игор Петровски**
igor.petrovski@kapital.mk

Со проректорот за настава и потпретседател на Бордот на директори на Универзитетот Американ Колеџ од Скопје, доц. д-р Венера Крлиу, разговаравме за нејзината филантропска работа и посветеност кон хуманитарната дејност, за што годинава го доби високото државно признание “Мајка Тереза“.

**Пред сè, што значи за вас ова високо признание, државната награда „Мајка Тереза“?**

Нема зборови кои би можеле да го опишат значењето на ова признание за мене. Државната награда „Мајка Тереза“ ја посветувам на моето семејство, вработените, студентите на Универзитет Американ Колеџ Скопје и пријателите, без чија што несебична поддршка, немаше да успееме да допреме до луѓето на кои што навистина им е потребна рака за помош, љубов и разбирање. Средствата доделени со оваа награда, ќе бидат наменети за обновување на просториите на катедралата „Пресвето Срце Исусово“ при Скопската бискупија.

Потребата да им се помогне на немоќните, сиромашните, болните и социјално загрозените групи во општеството ја наследив токму од моите родители. Пораснала сум во семејство, во кое споделувањето, добрината, чесноста, хуманоста и дарежливоста се едни од клучните вредности. Секој празник, мојата баба подготвуваше оброци наменети за семејства кои се наоѓаат во незавидна општествена и финансиска состојба, и кои не беа во можност да си дозволат топол ручек. Исто така, и помагав на мајка ми да спакува подароци за луѓе кои дури не ги ни познавав. Денес, забележувам дека го правам токму истото. Сето тоа ме прави да се чувствувам исполнето во срцето, знаејќи дека ќе изнудам насмевка на нечие лице и некому ќе му го направам денот поубав. Токму овие вредности ги пренесувам и ќе настојувам да ги пренесувам на идните генерации студенти на нашиот Универзитет и на идните поколенија. Драго ми е што хуманоста и добрите дела добиваат признание, но целам и сметам дека треба да живееме во општество каде тие се секојдневие на секој поединец.

**Кои се сегментите од општеството каде што вие лично најмногу ги фокусирате напорите на вашата хуманитарна и општествено – одговорна активност?**

Многу често, луѓето ја поистоветуваат хуманата дејност со пружање финансиска помош. Според мене, тоа е само еден начин да се помогне. На пример, Американ Колеџ редовно ги посетува дневните центрите за згрижување на деца на улица. Нашето присуство таму не го означува само фактот што обезбедуваме потребни намирници за дневните кујни, ниту пак облеката, играчките и училишниот прибор за децата, но љубовта и топлината што тие ја чувствуваат со нашето присуство и времето поминато со нив. Нивните желби се многу скромни, а нивните срца се полни кога денот им е поразличен од претходниот. За мене, хуманост е да му помогнеш некому, кој се наоѓа во многу понезавидна положба од тебе, да му помогнеш да го пронајде вистинскиот пат во животот, да ги оствари своите права и да му помогнеш во обезбедување на подобри услови за живот, егзистенција и образование.

Секогаш се стремиме да помогнеме онаму каде што е потребно, без разлика дали се работи за жртви од поплавените подрачја во државата и регионот, загрозени семејства, маргинализирани лица, или пак организации и здруженија кои се борат за подигнување на општествената свест за постоење на одредена состојба и поголема интеграција на засегнатите лица од истата во секојдневието.

**Како ја постигнувате синергијата помеѓу она што професионално го извршувате на УАКС и вашите лични определби и афинитети за филантропска работа?**

Можам со драго срце да кажам дека секоја активност на професионален план е тесно врзана со филантропските дејности и желбата да се биде во најмала рака општествено одговорен. Само за почеток размислете... Дали има нешто поодговорно од тоа да ги образувате нашите млади умови? А токму тоа е фокусот на нашата работа. Квалитетно и врвно високо образование. Ова е нешто што е веќе познато како мисија на УАКС, но она што е помалку познато е дека голем дел од студентските и академски активности се насочени токму кон етичните постапки, хуманоста и општествено одговорната практики. Како што напомнав претходно, мојa најголема желба е да не е потребно признание за филантропијата и хуманоста, туку таа да е дел од секојдневието на луѓето. Преку мојата функција и нашиот Универзитет, се обидувам таа желба барем малку да се приближува до работ на реалноста, чекор по чекор, преку сите лица кои се дел од ова големо семејство. Јас можам да бидам сигурна дека нивната човечност потоа се пренесува и на нивните семејства, а потоа и кон нивните потесни заедници, кои понатаму пак го градат нашето општество.

**Кои се најзначајните општествено – одговорни проекти во кои што вашиот тим бил ангажиран?**

За нас секој проект е значаен, бидејќи му посветуваме особено внимание, време и труд. Проектите се многубројни, и за нас сите имаат подеднакво значење, поради тоа што нашиот ангажман околу нив не доаѓа од желбата да се истакнеме како институција, туку поединечните залагања за одредени активности. Оттаму, поддржувачи сме на Здружението за дислексија „Ајнштајн“, бидејќи јас лично сметам дека малкумина знаат за оваа состојба, при која мозокот различно ги процесира пишаниот или говорниот јазик. Токму бариерите кои ги поставува општеството, со тоа што ја нарекува оваа состојба „болест“, ги спречува младите талентирани луѓе да напредуваат на приватен и професионален план. Пример за ова е и Американ Колеџ, на кој студираат



*Д-р Венера Крлиу – Ханџиски ја прима наградата “Мајка Тереза“ на свеченото доделување што се случи неодамна во Скопје*

# ЊЕТО, ДОБРИНАТА И ХУМАНОСТА СЕ ЕДНИ ОД КЛУЧНИТЕ ВРЕДНОСТИ“

лица со дислексија, за кои можам да кажам дека без потешкотии се вклучуваат во наставниот процес, најмногу поради несебичната помош од нивните колеги и наставниот кадар. Традиционално, повеќе од 10 години, членовите на семејството на УАКС се чести крводарители, и токму тие организираат крводарителски активности. Воедно, за време на големите празници, организираме хуманитарна новогодишна активност, и собраните средства ги насочуваме кон една целна група, но настојуваме нашето најголемо внимание да им го посветиме на децата. Овие, како и многу други активности, не се медиумски истакнати за нас како институција, бидејќи не бараме за нив признание, туку се дел од нашето секојдневие и дел од нашата мисија. Можеби не сме успеале да „поместиме планини", но да ја цитирам Мајка Тереза: „Не сите од нас можат да направат големи нешта. Но, можеме да правиме мали нешта со многу љубов".

**Кои се следните хуманитарни и општествено-одговорни проекти и активности во кои што ќе ја насочите вашата енергија?**

Некои од активностите кои веќе се традиција на Американ Колеџ, секако дека ќе ги продолжиме и во иднина, бидејќи тие, како што веќе напомнав, се дел од нас и од она што го правиме. Понатаму, се надевам дека ќе можеме да придонесеме кон активности кои ја покреваат свесноста за потребата од хуманост. Исто така, целта ни е да ја направиме општествената одговорност и хуманитарните активности атрактивни за младите луѓе. Семејството на УАКС веќе вклучува членови од различни националности, па оттаму сме поттикнати да иницираме проекти за унапредување на меѓусебното разбирање меѓу народите од различна верска, национална и културна припадност.

Со цел да ги подучиме нашите идни лидери за потребата да се биде хуман, во рамки на УАКС, ќе бидат поканети и гости - предавачи од Европската делегација. Тие ќе говорат за легислативата за општествено - одговорни практики во државите на Европската Унија и ќе ги споделат најдобрите искуства. Токму тие искуства би ги споделувале со учениците од средните училишта, со цел уште повеќе да се зголеми свеста за одговорност кон општеството.

Еден од поголемите предизвици каде што планираме да ја насочиме нашата енергија, е да охрабриме нашите магистранти да спроведуваат истражување на теми поврзани со општествената одговорност и да објавуваат научно - истражувачки трудови со податоци и предлози за подобрување на целиот систем во РМ.

Не би сакала да изоставам една група успешни жени, пред сè, мајки, кои многу често покренуваат иницијатива за донации, организираат пунктови за помош, собираат финансиски средства и ги донираат на лицата кои имаат потреба. Нивните дела



> *Можеби не сме успеале да „поместиме планини", но да ја цитирам Мајка Тереза: „Не сите од нас можат да направат големи нешта. Но, можеме да правиме мали нешта со многу љубов".*

даваат надеж дека можеме да станеме уште погрижливо и солидарно општество и да ги научиме помладите генерации, нашите деца, да бидат свесни дека со многу малку љубов, можат да бидат двигатели на промените во општеството.

Воедно, би сакала да им се заблагодарам на членовите на нашиот Деловен совет, кои преку Фондацијата УАКС, овозможуваат финансиска поддршка, со цел обезбедување на стипендии за ученици од ранливи категории, како и да ги охрабрам сите заинтересирани институции да се приклучат кон оваа наша активност.

**Што треба според вас од аспект на регулатива и сл., да се направи во Македонија за да се создадат уште подобри услови за хуманитарна и општествено одговорна активност?**

Секогаш има потреба од регулативи со цел да бидат што позастапени хуманитарните активности и општествената одговорност. Но, за жал, понекогаш реализацијата на тие регулативи е она што ги прави недоволно атрактивни или едноставно неповолни. Да го земеме за пример оданочувањето на донациите. Можноста и желбата за финансиска донација на секоја компанија е различна, но без разлика на износот кој е одвоен од организацискиот буџет за оваа цел, тој речиси се удвојува со оданочувањето. Поради тоа, многу компании немаат иницијатива за да покренат вакви активности. Сепак, една од главните одговорности на компаниите е да ја одржуваат вработеноста и да допринесуваат кон подобрување на економијата. Во многу од европските држави, се случува токму спротивното – општествено одговорните компании се оние кои имаат даночни олеснувања. Исто така, можеби би било убаво да се регулираат јавно – приватни партнерство кои се залагаат за одредена хумана или општествено одговорна цел. Компании со скромна поддршка од државата, би можеле да земат учество во бројни иницијативи, пред сè на млади луѓе, кои со скромни буџети имаат голем импакт и остваруваат сериозни резултати. Веќе постојат одредени регулативи кои се насочени кон општествена одговорност од аспект на заштита на животната средина и ги поздравувам, но нема толку кои се насочени кон грижата за ранливи категории или пак кон градење на свесност, кои би биле атрактивни не само за компаниите, но и за поширокото општество.

Министерството за труд и социјална политика најави воведување на нов систем на социјална заштита. Најискрено се надевам ќе успеат да ја намалат стапката на сиромаштија во Македонија. Како за пример, би ја издвоила Шведска, која е водечка земја во светот во поглед на општествената одговорност. Тие имаат продолжена заштита на животната средина, активни мерки за почитување на човечките права и мерки за заштита од корупција. Можеби за почеток е доволно да се угледаме на веќе постоечки добри практики и да се обидеме да ги имплементираме во нашето законодавство. Сметам дека во нашето општество, постојат многу области на кои им е потребно подобрување. Треба сите заеднички да ја насочуваме нашата енергија кон хуманоста, а компаниите – кон општествено - одговорните практики, за да обезбедиме подобра заедница. ■■■